АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 08-60211
20.08 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** Друштвата за осигурување

**Предмет:** Циркуларен допис - Известување за донесени измени и дополнувања на четири правилници од областа на супервизијата и финансиското известување на друштвата за осигурување

Почитувани,

Ве известуваме дека Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница одржана на 7.8.2019 година, донесе измени и дополнувања на четири правилници, подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување. Правилниците се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 170 на 16 август 2019 година.

Во продолжение на овој допис обрнуваме внимание на конкретните измени и дополнувања, и нивната примена.

## I. ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОВИТЕ И ОПИСОТ НА СТАВКИ ШТО ЌЕ СЕ ЗЕМАТ ПРЕДВИД ПРИ ПРЕСМЕТКА НА КАПИТАЛОТ НА ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И/ИЛИ РЕОСИГУРУВАЊЕ

Предмет на измени и дополнувања се ставките кои влегуваат во пресметка на основниот и дополнителниот капитал, Упатството за пополнување на Образецот КС Пресметка на капиталот, и воведување на нов образец за известување за пресметката на капиталот на друштвото за осигурување.

Почнувајќи од известувањето за пресметката на капиталот со состојба на 30.9.2019 година, друштвата за осигурување ќе треба:
- во пресметката на основниот капитал да ги вклучат како одбивни ставки износите на вложувања на средствата од капиталот кои се над ограничувањата утврдени во членот 73-а од Законот за супервизија на осигурување;
- во пресметката на основниот капитал да ги искажат на одвоени позиции износите кои произлегуваат од нереализирани загуби од вреднување на сопственички инструменти расположливи за продажба мерени по објективна вредност и нереализираната загуба од вреднување на финансиските средства расположливи за продажба;

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

- по датумот на влегување во сила на правилникот, друштвата за осигурување нема да смеат да признаваат зголемување на вредноста на законските и статутарни резерви поради извршени проценки на недвижноста според кои проценетата вредност би била повисока од амортизираната набавна вредност;
- нереализираната добивка од ревалоризацијата на сопственичките инструменти коишто се расположливи за продажба и мерени по објективна вредност, и нереализираната добивка од ревалоризацијата на должничките инструменти расположливи за продажба, мерени по објективна вредност ќе може да се признаваат само во висина до 80% и тоа во пресметката на дополнителниот капитал, а не како до сега;
- дополнет е описот на ставката Нераспределена добивка од тековната година која влегува во пресметката на основниот капитал, во смисла дека под потврда на овластениот ревизор на искажаната добивка ќе се смета доколку постои мислење без резерва на независен овластен ревизор дека финансиските извештаи на друштвото за осигурување се изготвени во согласност со објавените меѓународни сметководствени стандарди, меѓународните стандарди за финансиско известување, и останатите прописи за водење на сметководство на друштвата за осигурување.

Во претстојниот период, почнувајќи со известувањето за пресметката на капиталот на друштвата за осигурување со состојба на 30.9.2019 година, до внесување на промените во информатичкиот супервизорски систем за известување, друштвата за осигурување треба да известуваат на квартална основа за пресметка на капиталот на два обрасци, односно на постојниот образец креиран од системот, како и да го прикачуваат во Декларација новиот образец Пресметка на капиталот (КС) снимен во Excel, и да го доставаат истиот по електронски пат, на е-адреса izvestai@aso.mk, во рокови утврдени во правилникот.

Состојбата на пресметаниот вкупен капитал на двата обрасци треба да биде идентична, со следниве упатувања во однос на начинот на пополнување на одредени ставки при пресметката, во системски генерираниот образец: 1) известувањето за одбитните ставки при пресметката на основниот капитал кои се дел од измените и дополнувања содржани во овој правилник треба да биде дел од износот прикажан на позицијата I.8 Пренесена непокриена загуба и загуба од тековната година; и 2) известувањето за ставките кои се вклучени во пресметката на дополнителниот капитал кои се дел од

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

измените и дополнувања содржани во овој правилник треба да биде дел од износот прикажан на позицијата II.4 Хартии од вредност со неопределен рок на доспевање.

Агенцијата за супервизија на осигурување работи на измени во информатичкиот систем за известување за супервизорски цели, со цел поскоро надминување на оваа привремена состојба.

## II. ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОНТЕН ПЛАН ЗА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ

Предмет на измени и дополнувања е следнава содржина во Прилогот 2 Упатство за примена на контниот план за друштвата за осигурување и реосигурување:

- Се воведуваат измени во начинот на признавање, последователно мерење и обелоденување за **земјиште, градежни објекти и останати материјални средства,** и тоа се однесува и на материјалните средства кои служат за вршење на дејноста на друштвото за осигурување и на вложувањата во материјални средства (кои не служат за вршење на дејноста на друштвото за осигурување).

Земјиштето, градежните објекти и останатите материјални средства, без разлика дали се за вршење на дејност или не, се мерат според нивната набавна вредност, намалена за акумулираната амортизација и за акумулираните загуби поради обезвреднување.

Друштвото за осигурување кое се стекнало со земјиште, градежни објекти и останати средства има обврска веднаш по стекнувањето, да ангажира независен/ни проценител/и кој/кои ќе изврши/ат проценка на земјиштето, градежните објекти и останатите средства. При проценката може да се применат повеќе од една методологија кои може да резултираат со различни проценети вредности.

Агенцијата за супервизија на осигурување може да ангажира независен/ни проценител/и кој/кои ќе изврши/ат проценка на земјиштето, градежните објекти и останатите средства на друштвото за осигурување. Трошоците за проценката се на товар на друштвото за осигурување.

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Друштвото за осигурување е должно да ја признае и евидентира во сметководството најниската вредност помеѓу добиените проценети вредности и сметководствената вредност на датумот на проценка.

Разликата помеѓу пониската проценета вредност и сметководствената вредност на датумот на проценка на земјиштето, градежните објекти и останатите материјални средства друштвото за осигурување ја признава во согласност со сметководствените правила за признавање на загуби поради обезвреднување во пресметковниот период кога го добило извештајот за извршена проценка.

Доколку најниската проценета вредност е повисока од сметководствената вредност, друштвото за осигурување ја признава сметководствената вредност, а информацијата за извршена проценка ја објавува во белешките од финансиските извештаи на крајот на годината.

Во однос на поимите кои се користат во овој правилник, како и за останатите барања кои не се предмет на регулирање во овој правилник, а се однесуваат на признавањето, последователното мерење и обелоденувањето за земјиште, градежни објекти и останати материјални средства се применуваат соодветните меѓународни сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување кои се однесуваат на Недвижности, постројки и опрема и Вложувања во недвижности.

Измените влегуваат во сила, и треба да се применуваат од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија. Друштвата за осигурување кои, по влегување во сила на одредбите од овој правилник, имаат пренесена состојба со позитивна вредност на ревалоризациона резерва од вреднување на недвижности кои ја прикажуваа на позицијата АОП 092 Ревалоризациона резерва - Материјални средства од Билансот на состојба, продолжуваат да ја искажуваат на оваа позиција, освен доколку е потребно да ја обезвреднат поради оштетување. По датумот на влегување во сила на правилникот друштвата за осигурување нема да смеат да признаваат зголемување на вредноста на резервата поради извршени проценки на недвижноста според кои проценетата вредност би била повисока од амортизираната набавна вредност, односно од сметководствената вредност.

- Се воведуваат измени во начинот на признавање, последователно мерење и обелоденување за **трошоци за стекнување.**

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Во описот на евиденцијата на износите на конто 192 на кои се прикажуваат одложените трошоци за стекнување се дополнува со следниве барања.

Трошоците за стекнување се капитализираат и се одбиваат од трошоците во однос на признаениот приход од премијата. За да се поврзат трошоците за стекнување со поврзаниот приход од премија, трошоците за стекнување се распределуваат по договори за осигурување, односно по класи на осигурување, кои се конзистентни со начинот на кој друштвото за осигурување ги признава приходите од полисираната премија, односно се конзистентни со начинот на мерење на профитабилноста по класи на осигурување. Трошоците за стекнување кои не се амортизирани се класифицираат како средства.

Друштвото за осигурување треба да утврди и редовно да ажурира документирани процедури за начинот на пресметка на одложените трошоци за стекнување. Сметководственото признавање и промената на вредноста на одложените трошоци за стекнување мора да биде соодветно документирано.

Дополнување е направено и во описот на групата на конта 43, со следниов текст:

Притоа во рамки на контото 430 се прикажуваат трошоците за провизија на застапници, друштва за застапување и осигурително брокерски друштва како и останати трошоци за стекнување на полиси за осигурување.

Трошоци за провизија и останати трошоци за стекнување на полиси за осигурување се трошоците кои се однесуваат непосредно на склучувањето на нови договори за осигурување или обнова на постоечки договори за осигурување.

Трошоци за стекнување се следниве варијабилни (маргинални) трошоци:

а) Провизија на застапници во осигурување и осигурителни брокери и трошоци за одобрени бонуси за склучени договори за осигурување.

б) Еден дел од вкупните надоместоци исплатени кон вработените во продажната мрежа, кој дел е во непосредна врска со потрошеното време на вработените за извршување на следниве активности кои довеле до склучување на договори за осигурување:

1. Снимање и преземање на ризик во осигурување;

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

2. Подготовка и печатење на полисата;

3. Надоместоци за извршени здравствени прегледи, со цел утврдување и контрола на ризикот кој се презема во осигурување.

в) Останати трошоци кои се непосредно поврзани со вршењето на работи на осигурување, наведени во параграфот б), а кои друштвото за осигурување не би ги признало во случај да не би биле склучени договорите за осигурување.

Следниве трошоци не се трошоци за стекнување и не се капитализираат, односно истите се признаваат во моментот на нивно настанување:

- надомест за спроведување на супервизија на осигурување, надомест за финансирање на противпожарните единици, надомест за финансирање на услуги од задолжителното здравствено осигурување и други јавни давачки кои се утврдуваат на премијата;
- трошоците за реклама и маркетинг;
- промотивни активности кои не резултираат со склучување на договори за осигурување;
- трошоци за истражување и развој на нови производи;
- обуки;
- режиски трошоци;
- ренти и кирии;
- амортизација;
- трошоци за одржување на опремата и софтверот;
- останати режиски трошоци.

На контото 438 се прикажува промената во одложените трошоци за стекнување.

Друштвата за осигурување кои применуваат сметководствени политики на признавање, последователно мерење и обелоденување за трошоците за стекнување кои се разликуваат од барањата содржани во овој правилник се должни да обезбедат идна примена на променети сметководствени политики најдоцна со состојбата на одложените трошоци за стекнување на 1.1.2021 година, односно имаат можност во преодниот период да извршат постепено усогласување со одредбите од правилникот.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

- Се менува основот за признавање на **приходи по основ на реализирани регресни побарувања и спасени остатоци**, односно само наплатениот износ од регресното побарување ќе може да се приходува.

На контото 401 (на страната побарува) се искажуваат приходите по основ на реализирани регресни побарувања и спасени остатоци. Приходот по основ на реализирани регресни побарувања се признава само во висина на наплатениот износ од регресното побарување.

Друштвата за осигурување кои до денот на влегување во сила на одредбите од овој правилник признавале приходи по основ на реализирани регресни побарувања врз основа на правосилна извршна судска одлука или писмен договор склучен со регресниот должник, по денот на влегување во сила на измените нема да можат да го користат овој основ за признавање на приходи.

## III. ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И ДЕТАЛНА СОДРЖИНА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И/ИЛИ РЕОСИГУРУВАЊЕ

Измените во содржината на овој правилник се комплементарни на измените во Правилникот за контен план.

## IV. ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДЕТАЛНАТА СОДРЖИНА НА ПОТВРДАТА НА ОВЛАСТЕНИОТ АКТУАР

Со денот на влегување во сила на измените на овој правилник, овластениот актуар ќе треба во потврдата што ја издава на квартална основа да дава детален опис на применетата методологија за процена на одложените трошоци за стекнување.

Овластениот актуар треба да даде мислење за адекватноста, и тоа дали методите за процена на одложените трошоци за стекнување соодветствуваат со методите за проценка на бруто резервите за преносни премии.

И во преодниот период, во кој друштвата за осигурување ќе треба да се усогласат со новите сметководствени правила за признавање на трошоците за стекнување, овластениот актуар ќе треба да дава образложение за сметководствените политики на друштвото во однос на издвојувањето на одложените трошоци за стекнување, образложение за применетите методи, релевантни претпоставки и нивото на сегментација на портфолиото при

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

проценка на одложените трошоци за стекнување, да ги опише разликите меѓу методите и претпоставките кои се користат за процена на резервата за преносни премии и методите и претпоставките кои се користат за процена на одложените трошоци за стекнување, доколку такви разлики постојат.

Доколку имате дополнителни прашања во врска со примената на правилниците можете истите да ги адресирате до Агенцијата за супервизија на осигурување, по електронски пат, на следниве адреси: kosta.spaseski@aso.mk и darko.blazevski@aso.mk.

Со почит,

Претседател на Советот на експерти
Климе Попоски